РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 23.11.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 17589/1 | 0 | |


**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПСИХИЈАТРИЈА**
Ул. „Белградска" – бб
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: (02) 3147 302
факс: (02) 3112 579
e-mail: psihijat@gmail.com

**UNIVERSITY CLINIC OF PSYCHIATRY**
Str. Belgradska, nn
1000 Skopje
Republic of Macedonia
phone: + 389 2 3147 302
fax: +389 2 3112 579
e-mail: psihijat@gmail.com

До
Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска и финансиска контрола

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПСИХИЈАТРИЈА - Скопје
Бр. 03-367/2
2 22.11 2022 год.
СКОПЈЕ

Датум, 22.11.2022 година

**Предмет**: Приговор по доставен Извештај од извршена вонредна финансиска контрола

Почитувани,

Во врска со Извештајот од извршена вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје број 08-16001/2 од 09.11.2022 година, доставен во архивата на клиниката на 14.11.2022 година, Ве известуваме за следното:

Во врска со забелешките на контролата за извршените и исплатени дежурства, Ве известуваме дека во текот на секој месец од првично утврдените месечни распореди за дежурство на лекарите специјалисти, има чести измени заради разни причини на лицата кои дежураат - замена на еден со друг доктор, заради што има измени и во конечниот список. Доколку се утврди дека некоја замена не е усогласена со распоредот и извршената исплата, односно доколку е направен административен пропуст, истиот се корегира во наредниот период, а завршна проверка и усклaдување на списоците и плаќањата се прави на крај на годината. За забелешките на контролата за дежурствата на медицинскиот директор, истите се компензирани со други замени на дежурства, а дополнително е направено и усклaдување на плаќањата поради административни грешки. Ве известуваме дека внатрешно ќе направиме и дополнителна проверка и сите плаќања на дежурства ќе бидат корегирани и усогласени до крајот на годината, и сите административни грешки кои се инцидентни ќе бидат коригирани. И покрај честите дополнителни часови на работа, на нашата клиника не се исплаќаат други видови на дополнителни работни часови (работа на повик, прекувремена работа...).

Во врска со забелешките на контролата за утврдениот коефициент на сложеност на организацискиот директор, Ве известуваме дека решението бр.04-140/1 од 11.04.2022 година за утврдување на плата на организацискиот директор со коефициент на сложеност од 8,070, е изготвено согласно Анексот за изменување и дополнување на Поединечниот колективниот договор на Самостојниот синдикат на вработените во универзитетски клиники, центри клинички болници и други јавни здравствени установи број 0101-24/1-13 од 12.02.2020 година и наш број 03-75/1 од 12.02.2020 година. Платите на сите вработени во клиниката се изготвуваат согласно Поединечниот колективен договор на Самостојниот синдикат на вработените во универзитетски клиники, центри клинички болници и други јавни здравствени установи и анексите кон истиот, кои се потпишани од директорот на клиниката по овластување на министерот за здравство.

[1] 08-17589/1 [2022]

Досега не сме добивале насоки за утврдување на коефициенти и исплата на плати за вработените според Колективниот договор на здравствената дејност на Република Македонија.

Ве известуваме дека е постапено по забелешките на контролата и решението бр.04-140/1 од 11.04.2022 година е поништено и е изготвено ново решение за утврдување на коефициентот на плата на сложеност на организацискиот директор од 6,379 коефициент согласно Анексот за изменување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија (Службен весник на РМ број 32/2019), со кое ќе се изврши корекција и усогласување на исплатите на плата, сметано од 16.03.2022 година.

Со почит,
Медицински директор
Доц. д-р Стојан Бајрактаров

Организациски директор
М-р Љубиша Новотни